Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација
Бр. 14-985/33
20.12.2021 год.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко
општество и администрација

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shoqërisë Informatike
dhe Administratës

**До:**

**Благој Бочварски, министер во Министерството за транспорт и врски**
ул. Плоштад Црвена скопска општина бр.4, Скопје

**Архивски број:** 14-985/ 33

**Предмет:** Достава на мислење

**Датум:** 20.12.2021 година

Почитуван министер Бочварски,

Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), имајќи ги предвид своите законски надлежности утврдени во членот 71-а од Законот за електронските комуникации, на својата 40-та седница што се одржа на 20.12.2021 година, усвои мислење за предлог-Законот за регулирање на статусот на бесправно изградени објекти.

Мислењето Ви го доставуваме во прилог.

Со почит,

**Димитар Буковалов**

Претседател на НКБК

Доставено и до :
- Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација
- Александар Бајдевски, заменик министер за информатичко општество и администрација
- Елена Манчева, државен секретар во МИОА


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

## Мислење по предлог - Законот за регулирање на статус на бесправно изградени објекти

1. Законот за регулирање на статус на бесправно изградени објекти треба да оперира со терминот електронски комуникациски мрежи и средства и затоа за потребите на овој закон ги предлагаме следните дефиниции:

   – "**Кабелска канализација** претставува дел од физичка инфраструктура која се состои од мрежа на канали од соодветен материјал (цевки, црева, итн), кабелски шахти и кабелски галерии, која служи за повеќекратно поставување и заштита на електронски комуникациски кабли.
   – **Кабелска шахта** претставува повеќенаменска подземна просторија која се поставува на места на продолжување, вкрстување или промена на правецот на каналите на кабелската канализација.
   – **Кабелска галерија** е подземна повеќенаменска просторија која служи за повеќекратно поставување и заштита на на електронски комуникациски кабли.
   – **Антенски систем** е систем кој особено опфаќа: столб, електронска комуникациска опрема, антенски вод, средства за прицврстување на столбот и антенскиот вод, систем за заземјување со громобранска заштита, систем за напојување и заштитна ограда.
   – **Електронски комуникациски кабел (кабел)** е кабел за електронско комуникациско поврзување на две точки, во кои не спаѓаат каблите за поврзување на крајните корисници. Кабелот може да биде со бакарни парици, коаксијален кабел или кабел со оптички влакна, и може да биде директно поставен во земја, во кабелска канализација или воздушно по столбови/ѕидови на објекти.
   – **Инсталација во зграда** значи поставена кабелска канализација и/или кабли по изградбата на зградата од страна на оператор која служи за поврзување на становите со точката на концентрација поставена во или надвор од зградата."

   **Предложените дефиниции се изведени за потребите на овој закон, истите не се во спротивност со постојната домашна и ЕУ регулатива за електронски комуникации и без нив практичната имплементација на законот ќе се доведе во прашање, а особено во процесот на еднозначно и прецизно утврдување/дефинирање на објектите за кои ќе треба да се утврдува правниот статус**.

2. Одредбите од членот 9 треба да се однесуваат на утврдување на правен статус на: антенски систем или електронска комуникациска опрема која колоцира на антенски систем.

3. Насловот на поглавјето VIII. треба да се промени во „VIII. Постапка за утврдување на правен статус на линиски инфраструктурни објекти, кабелска канализација, кабли и инсталација во згради" и соодветно на ова членот 28 треба да се однесува на утврдување на правен статус на линиски инфраструктурни објекти, кабелска канализација, кабли и инсталација во зграда.

   Како и во членот 9 од предлог законот, така и во членот 28 треба да се предвиди одредба во која ќе се предвиди доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на кабелска канализација, кабли или инсталација во зграда кои се поставени во објекти во сопственост на друго физичко или правно лице, барателите да се должни да достават и договор со тоа лице за користење на објектот.

4. Одредбите од членот 46 став (1) треба да се однесуваат освен за кабелска канализација и за кабли.

.